РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИИ

Врз основа на член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со член 148 став (1) точка б) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), Директорот на Агенцијата за електронски комуникации на 23.01.2020 година го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

**I**

**ПРЕСТАНУВААТ ДА ВАЖАТ по сила на закон** одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 107398, 110608 и 109559 издадени на корисникот Друштво за обезбедување и услуги СЕКЈУРИКОМ МУЛТИСЕРВИС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје со седиште во Скопје на ул. Никола Кљусев бр. 6, поради тоа што имателот на одобренијата е во постапка на стечај.

**II**

Решението влегува во сила со денот на донесувањето.

**III**

Ова решение е конечно.

## Образложение

Агенцијата за електронски комуникации има издадено одобренија за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба служба со евидентни броеви 107398, 110608 и 109559 на корисникот Друштво за обезбедување и услуги СЕКЈУРИКОМ МУЛТИСЕРВИС ИНТЕРНАЦИОНАЛ ДООЕЛ Скопје со седиште во Скопје на ул. Никола Кљусев бр. 6. При проверка на податоците за имателот на одобренијата во базата на податоци од Централен регистар на Р. Македонија се констатира дека имателот на одобренијата е во постапка на стечај, поради што се донесе решение одобренијата за користење на радиофреквенции во копнена мобилна служба со евидентни броеви 107398, 110608 и 109559 да престанат да важат по сила на закон.

Врз основа на горенаведеното, согласно член 24 став 1), алинеја 5, а во врска со 148 став (1) точка в) од Законот за електронските комуникации (Службен весник на РМ бр. 39/14, 188/14, 44/15, 193/15, 11/18, 21/18, 98/19 и 153/19), се донесе решение како во диспозитивот.

Изготвено во Агенција за електронски комуникации
Наш број: уп1-бр.0802-27
Скопје, 24.01.2020

Изработил: Раководител на Одделение за фиксна и мобилна служба: Ф.Ш.
Радка Шекутковска
23.01.2020

Раководител на Сектор за радиокомуникации:
Јане Јакимовски

**По овластување од Директорот,**
**Игор Бојаџиев**

**Доставено до:**
- странка
- архива
- сектор за радиокомуникации
- сектор за финансии
- сектор за контрола и мониторинг на радиофреквенциите

АЕК-751-301 12/Изм.02

www.aek.mk
Кеј Димитар Влахов бр.21
1000 Скопје
Република Македонија
тел.: 02 32 89 200
факс: 02 32 24 611
е-пошта: contact@aec.mk